# Интервју на претседателот на Синдикалната подружница на РЕК Битола, Менде Фидановски, во весникот Јавност на тема:

# „Одбележување на Денот на рударите“


ГОДИНА XX • 03 АВГУСТ 2022 ГОДИНА • БРОЈ 1005-1006 • ИЗЛЕГУВА ВО СРЕДА • ЦЕНА 40 ДЕНАРИ

ЈАВНОСТ

РЕГИОНАЛЕН ИНФОРМАТИВЕН НЕДЕЛНИК

ГРАДЕЖНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПЕЛИСТЕР“ БИТОЛА

ФИДАНОВСКИ: СО ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ДЕНОТ НА РУДАРИТЕ ЌЕ ЈА ИСТАКНЕМЕ ВАЖНОСТА НА РУДАРСКИТЕ РАБОТНИЦИ

ФОД
ФАБРИКА ЗА ОПРЕМА И ДЕЛОВИ „ФОД“ ДООЕЛ
водовод
KROMBERG & SCHUBERT
HC EUROFARM PELISTER
ЈП Стрежево БИТОЛА
Telekabel

**ИНТЕРВЈУ**

**Менде Фидановски, претседател на Синдикалната подружница на РЕК „Битола"**

**Бројни активности, вклучително спортски игри и доделување награди на најдобрите работници во РЕК „Битола" се планираат по повод одбележувањето на Денот на рударите, 28-ми август. Во рамките на напорите за подобрување на работната околина во комбинатот, Синдикатот на РЕК „Битола"ќе реновира и реконструира простории во Рудникот „Брод – Гнеотино", најавува првиот човек на Синдикалната подружница на РЕК „Битола", Менде Фидановски.**

# ФИДАНОВСКИ: СО ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ДЕНОТ НА РУДАРИТЕ ЌЕ ЈА ИСТАКНЕМЕ ВАЖНОСТА НА РУДАРСКИТЕ РАБОТНИЦИ



**„Јавност": Секоја година, на 28-ми август РЕК „Битола" го одбележува Денот на рударите. Какви активности планира Синдикалната подружница на РЕК „Битола" во пресрет и за време на овој празник?**

**Фидановски:** Синдикатот на РЕК „Битола секоја година се вклучува во одбележувањето на Денот на рударите со повеќе активности, а и годинава ќе биде така. Организираме спортски работнички игри, ќе наградиме истакнати наши колеги, ќе се одржи традиционална крводарителска акција, ќе помогнеме во реконструкција на простории и обезбедување опрема за наши вработени.... Веднаш по завршувањето на фестивалот „Илинденски денови", на теренот на Ракометното игралиште ќе започнат работничките игри. Екипите во машка конкуренција ќе се натпреваруваат во фудбал, кошарка и одбојка, а жените ќе се натпреваруваат во кошарка, одбојка и пикадо. Потоа, на предлог на синдикалните претставници, ќе наградиме неколкумина наши вработени кои со својата работа и ангажман се истакнале помеѓу двата празници. Годинава, во рамките на напорите за подобрување на работната околина во комбинатот, Синдикатот на РЕК „Битола" ќе реновира и реконструира простории во Рудникот „Брод – Гнеотино" со што уште еднаш сакаме да ставиме акцент на важноста на рударските работници во работењето на РЕК „Битола".

**Јавност: Заштитата на работничките права е прв приоритет на Синдикалната организација која и досега потврди дека е стабилен и посветен партнер на работникот. Колку вие како синдикален лидер лично сте задоволни од постигнатото ниво на синдикална заштита на работниците?**

**Фидановски:** Синдикалната борба за заштита и унапредување на правата на работниците се одвива постојано. Јас лично сум задоволен од постигнатите резултати на Синдикатот на РЕК „Битола" во текот на изминатите четири години. Ќе потсетам само на неколку факти кои потврдуваат дека сме презеле конретни чекори за подобрување на состојбата на нашите колеги, а тоа е дека успеавме да издејствуваме зголемување на платата за 5 проценти, компанијата редовно го исплаќа регресот за годишен одмор кој е заголемен на 100 отсто од износот на просечната плата во земјата, вработените во РЕК „Битола" добиваат ладен оброк кој го плаќа компанијата, вработените се праќаат редовно на здравствени прегледи, подобрен е квалитетот на превозот на работниците до и одработните места со купувањето на шест, нови автобуси, членовите на синдикатот имаат можност за купување на роба на рати од голем број продавници, имаат можност да добијат позајмица без камата, неповратни средства за лекување и многу други придобивки. На сите барања и потреби на работниците се обидуваме да излеземе во пресрет и сметам дека тоа досега успешно го правиме.



# ИНТЕРВЈУ



**Јавност: Колку членови брои сега синдикатот и како е организирана комуникацијата со работниците?**

**Фидановски:** Синдикатот на РЕК „Битола“ во моментов брои околу 2.000 членови. Имаме канцеларија во секоја производна единица каде секој вработен, секој наш член може да се обрати. И јас како претседател и членовите на раководството на Синдикатот сме секојдневно со своите колеги, такашто може да ни се обратат за било што, во секое време.

**Јавност: Како тече соработката со работодавецот и на кој начин ги решавате сите отворени прашања и проблеми кои тековно се појавуваат?**

**Фидановски:** Сите барања и потреби на работниците ги пренесуваме до работодавецот на редовни состаноци. Од самиот почеток со работа на ова раководство на Синдикалната подружница на РЕК „Битола“ практикуваме постојана и отворена комуникација со работодавецот и се обидуваме да најдеме решение за сите проблеми поврзани со правата на работниците или со работните услови на вработените.

**Јавност: Како го оценувате дијалогот меѓу работниците и работодавецот?**

**Фидановски:** Дијалогот меѓу работниците и работодавецот се одвива преку синдикатите на АД „ЕСМ“ и на РЕК „Битола“. Барањата и потребите на работниците ги пренесуваме до органите на одлучување на РЕК „Битола“ и на АД „ЕСМ“ и можам да кажам дека досега дијалогот е на завидно ниво. Претходно споменав неколку од придобивките кои вработените во РЕК „Битола“ ги добија благодарение на успешниот социјален дијалог меѓу синдикатот и компанијата, а еве ќе додадам уште еден пример како потврда на успешната соработка. На барање на Синдикатот на РЕК „Битола“, доставено преку Синдикатот на „ЕСМ“, Управниот одбор на компанијата одлучи да ја покрие разликата во цената за превоз која ја побараа приватниците кои ги превезуваат вработените до РЕК „Битола“. Приватните компании кои имаат договор за превоз на работниците побараа поскапување на превозот заканувајќи се дека во спротивно ќе престанат да ги превезуваат нашите вработени. За да не падне товарот од поскапувањето на работниците, ние како Синдикат се обративме до Управниот одбор на АД „ЕСМ“ и добивме поддршка да ја платиме разликата во цената. Ова е уште еден многу успешен пример за соработката која ја имаме со работодавецот, а во корист на работниците во РЕК „Битола“.

**Јавност: Како работниците можат да добијат правна помош кога за тоа имаат потреба?**

**Фидановски:** Синдикатот на РЕК „Битола“ во своите акти има предвидено обезбедување на бесплатна правна помош и поддршка на свои членови кои имаат потреба од тоа. Колективниот договор на АД „ЕСМ“, според мене, е еден од најдобрите колективни договори во државата. Во него е предвидено работодавецот да се консултира за сите прашања што се однесуваат на правата на вработените со репрезентативниот синдикат. Според одредбите од Колективниот договор, синдикалните организации во рамките на АД „ЕСМ“ мора да бидат вклучени при разгледувањето и одлучувањето на прашања во врска со правата и обврските на вработените во компанијата. Социјалниот дијалог што досега го водиме со работодавецот е на рамноправна основа и сметам дека тоа е главната причина за успешното надградување на правата на работниците во нашиот комбинат.

**Јавност: Синдикалната организација често на дело ја покажува својата општествена одговорност. Последно помогнавте ваш член за обнова на опожарен дом. Пред тоа помагавте во гаснењето на опожарениот објект на поранешното „Жито Битола“. Зад вас се бројни реализирани донации за лицата со посебни потреби, за медицински и образовни институции, како и за млади и спортисти. Во кој правец ја насочувате вашата помош за заедницата понатаму?**

**Фидановски:** АД „ЕСМ“ и РЕК „Битола“, како и Синдикатот на РЕК „Битола“ имаат обврска, но и чувствуваат потреба да помогнат на заедницата, на различни категории граѓани, здруженија, организации, клубови, поединци. РЕК „Битола“ е еден од најголемите работодавци во Битола и следствено на тоа Синдикатот на РЕК „Битола“ брои голем број членови кои на различни начини се поврзани со субјектите на кои им помагаме. Притоа, сакам да напоменам дека сите донации, помош, поддршка Синдикатот ги прави од сопствени средства кои согласно Колективниот договор ги добива од работодавецот. И АД „ЕСМ“ како компанија има усвоено Стратегија за општествена одговорност, согласно која дел од средствата со кои располага ги насочува кон заедницата. Синдикалната подружница на РЕК „Битола“ ќе продолжи и во иднина да помага во границите на своите можности.

